Фирма и седиште на субјектот на уписот	Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги АРС-ИНЖЕНЕРИНГ, Радомир ДОСЕ Куманово, ул. "Октомвриска Револуција"бр. 34	Продолжение на прилогот кон преписот на решението за упис број	3

Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и неговото седиште	02-232237-8-09-000	трег.бр.12560/98 30.12.1999

Продолжение: број 1

1. Дејности односно работи на субјектот на уписот чија фирма е наведена кон преписот на решението за упис број 1

20.10/1-Производство на режана граѓа;
20.40-Производство на дрвена амбалажа;
20.30-Производство на градежни подови и столарија;
20.51-Производство на други производи од дрво;
20.52-Производство на предмети од плута, слама и плетарски производи;
45-Градежништво;
45.1-Подготовка на градилиште;
45.11-Уривање и демонтирање на објекти, земјени работи;
45.12-Пробно дупчење и сондирање;
45.2-Изградба на цели објекти или нивни делови : нискоградба;
45.21-Подигање згради (високоградба) и изградба на објекти на нискоградба;
45.21/1-Подигање на згради (високоградба);
45.21/2-Изградба на објекти (нискоградба);
45.22-Подигање и монтажа на покривни коснтрукции;
45.23-Изградба на автопатишта и други сообраќајници, аеродромски писти и спортски терени;
45.24-Изградба на хидроградежни објекти;
45.25-Други градежни работи, вклучувајки и специфични работи;
45.3-Инсталатерски работи;
45.31-Поставување електрични инсталации и прибор;
45.32-Изолациони работи;
45.33-Поставување на водоводни инсталации;
45.34-Други инсталатерски работи;
45.4-Завршни работи;
45.41-Малтерисување;
45.42-Вградување на столарија;
45.43-Поставување на подни и ѕидни облоги;
45.44-Бојадисување и застаклување;
45.45-Останати завршни работи;
60.21-Превоз на патници во друг копнен сообраќај, линиски;
60.22-Такси превоз;
60.23-Превоз на патници во другиот друмски сообраќај, слободен;
60.24-Превоз на стоки во друмскиот сообраќај;
60.30-Цевоводен сообраќај;
63.1-Претовар на товар и складирање;
63.11-Претовар на товар;
60-Копнен сообраќај, цевоводен транспорт;

ВЕРНО СО ОРИГИНАЛОТ

Судија,
Виолета Поповска

Следува продолжение број:	4. Продолжение на прилогот кон преписот на решението за упис

Овластеното лице го потпишува само прилогот кон пријавата за упис, а судијата прилогот кон решението за упис и регистарскиот лист
Образец бр. 7/1
Продолжение на прилогот кон преписот на решението за упис број 3

Број: 0805-50/150020230349632
Датум и време: 6.12.2023 г. 08:31

/Електронски издаден документ/

Т Е К О В Н А С О С Т О Ј Б А

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4790375
Целосен назив:	Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги АРС-ИНЖИНЕРИНГ Радомир ДООЕЛ експорт-импорт Куманово
Кратко име:	АРСИНЖИНЕРИНГ
Седиште:	НАУМ ОХРИДСКИ бр.22/1 КУМАНОВО, КУМАНОВО
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	24.1.1994 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4017994121710
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	883.100,00
Уплатен дел MKD:	883.100,00
Вкупно основна главнина MKD:	883.100,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/CCD8EDDBEB28F084E196EDB5A603A252B4621A7A260FA398019AD8F179DF47A8
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	МАРИЈА СТАНКОВСКА
Адреса:	ВАСИЛ ДРАГОМАНСКИ бр.34 КУМАНОВО, КУМАНОВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	883.100,00
Уплатен дел MKD:	883.100,00
Вкупен влог MKD:	883.100,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	ИВАН АЛЕКСОВСКИ
Адреса:	КИРИЛ И МЕТОДИ бр.17/8 КУМАНОВО, КУМАНОВО
Овластувања:	Управител - ВСС, Дипломиран правник
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	ars@ars-ing.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/CCD8EDDBEB28F084E196EDB5A603A252B4621A7A260FA398019AD8F179DF47A8

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (3) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А Б
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за градежништво, производтсво, трговија и услуги АРС-ИНЖИНЕРИНГ Радомир ДООЕЛ експорт-импорт Куманово

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

НАУМ ОХРИДСКИ бр.22/1 КУМАНОВО, КУМАНОВО
ЕМБС: 4790375

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 12.09.2028 година

Број П.374/Б
12.09.2021. година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

Врз Основа на Законот за Градење (Службен весник на РМ бр. 39 од 22 . 03 . 2012) а во врска со изработка на техничка документација за градење на инвестициони објекти, член 15, 16, 17 и 18 „АРС-ИНЖИНЕРИНГ Радомир„ ДООЕЛ експорт-импорт Куманово го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е, Февруари 2024

за одредување на Одговорни проектанти

За одредување на Одговорни проектанти за изработка на проектна документација за ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА ДИМОНЦЕ 5 ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА КП 752 и 753 ДИМОНЦЕ, ОПШТИНА КРАТОВО

* фаза АРХИТЕКТУРА:

- Елена Миленковска дипл.инг.арх. како Одговорен проектант со Овластување Број Б.1.2412

* фаза ЕЛЕКТРИКА:

- м-р Драган Станковски дипл.ел.инж. како Одговорен проектант Овластување број Б.4.0753
- Филип Мајсторски дипл.ел.инж. како соработник за фаза електрика

* фаза ГРАДЕЖНИШТВО:

- Марија Станковска дипл.град.инж. како Одговорен проектант со Овластување Број Б.2.1295

Управител

Иван Алексовски

_____

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

на

ДРАГАН СТАНКОВСКИ

дипломиран инженер по електротехника (NQF VII_1)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 12.12.2025 год.

Број: 4.0753

Издадено на: 13.12.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ТЕХНИЧКИ ОПИС

ВОВЕД

Електричната енергија во ЕЕС на РСМ се произведува во термоелектрични централи (ТЕЦ), хидроелектрични централи (ХЕЦ), комбинирани постројки за производство на електрична и топлинска енергија (термоелектрични централи – топлани ТЕТО), една ВЕЦ, фотонапонски електрични централи (ФНЕЦ) и електрични централи на биомаса/биогас. Согласно податоците од МЕПСО – Скопје и ЕСМ, вкупната инсталирана моќност на електричните централи во РМ во 2015 година изнесувала 2055 MW.

Согласно податоците од МЕПСО – Скопје и ЕСМ, во вкупните производни капацитети, ТЕЦ учествуваат со 50,2 % и со вкупна инсталирана моќност (1032 MW), големите ХЕЦ со 27,6 % (567 MW), комбинираните електрични централи со 14,1 % (230 + 60 MW), малите ХЕЦ со 5,3 % (108,6 MW), додека останатите електрични централи имаат вкупно учество помало од 2 % во вкупната инсталирана моќност. Учеството во вкупното годишно проектирано производство на електричните централи е: ТЕЦ (57,4 %), комбинираните (23,5 %) и ХЕЦ (14,2 %, проектирано производство за нормална хидрологија), додека останатите видови произведуваат околу 5 %.

Во последните десет години во земјите на Европската Унија (ЕУ) се случува исклучително интензивна изградба на електрични централи кои користат обновливи извори на енергија (ОИЕ). Таквата изградба првенствено е резултат на политичка одлука и ориентацијата на ЕУ кон намалување на влијанието на производството и користењето на енергијата врз можните климатски промени, а е директна последица на соодветната законска регулатива во ЕУ, која ја поттикнува изградбата на извори на енергија кои користат ОИЕ, како и користењето на така произведената енергија од страна на сите корисници.

ЕСМ е сопственик на сите големи производни капацитети, односно големите Хидроцентрали (ХЕ Света Петка, ХЕ Козјак, ХЕ Равен, ХЕ Вруток, ХЕ Врбен, ХЕ Шпиље, ХЕ Глобочица, ХЕ Тиквеш) Термоцентрали (ЕНЕРГЕТИКА, РЕК Осломеј, РЕК Битола) , како и единствените ветрници во РС Македонија ПВЕ Богданци.

АД МЕПСО - Скопје е сопственик на електропреносната мрежа и е надлежен за обезбедување сигурна, безбедна и квалитетна испорака на ЕЕ преку електропреносната мрежа, за обезбедување на развој и одржување на електропреносната мрежа заради сигурно и ефикасно функционирање. Со планот на ЕСМ за „зелена транзиција„ од 2020 до 2027 предвидено е замена на термоцентралите Осломеј, Неготино и Битола со фотонапоснки централи и гас соодветно.

Со реализација на овој проект ќе се придонесе за следното:

- Проектот ќе одигра важна улога за задоволување на растечките потреби и побарувачка на енергија во Македонија, како и за зголемување на сигурноста во однос на снабдувањето со енергија,
- Проектот ќе има значаен ефект врз зголемување на енергетската ефикасност во државата и врз намалување на емисиите на штетни супстанци по единица моќност,
- Се очекува проектот да го стимулира енергетскиот и индустрискиот развој и да ја подобри енергетската позиција на земјата во регионот.

1.1 Функционално решение

На дадената локација која се наоѓа на КП 752 и 753, КО Димонце, Општина Кратово, се предвидува поставување на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија од сончеви зраци, со вкупен капацитет од 429 kW. Истата ќе се гради на земја.

Електричната енергија (еднонасочен напон и струја), генерирана во фотонапонските ќелии, преку соларен кабел PV1-F 1x4mm2 односно PV1-F 1x6mm2, се пренесува кон ДЦ разводните ормари. Од ДЦ разводните ормари до ИТС потоа се пренесуваат преку кабел 2x1x240мм2, каде што има интегрирано инвертери и еднонасочниот напон и струја ги претвораат во наизменични величини. Инверторите се опремени со заштитни уреди и модуларни места. Понатаму, од овие инвертерите, електричната енергија се пренесува до разводен ормар РО во кој е монтиран раставувач со ножести осигурачи, АС одводник на пренапон и сите останати неопходни елементи. Ормарите и инверторите ќе се постават на соодветно место кое ќе биде претходно договорено со инвеститорот, под услов задоволување на сите технички и сигурносни прописи. Разводните ормари треба да бидат поставени на минимално растојание од стринговите. Проектираните разводни ормари треба да бидат изработени од изолациски материјал, односно мораат да имаат степен на заштита од IP65 или IP66 во зависност од типот на просторијата во која се наместени. Заради појавата на кондензација препорака е да бидат изведени од полиестер.


Од разводниот ормар АЦ електричната енергија се предава на главната разводна табла на објектот ГРО, а потоа до нисконапонската страна на новопроектираниот напоен трансформатор ТС 20/0,8kV; 3125kVA, преку проводник NAYY-3 x 4x1x240mm2.

1.1. Локација, место положба и карактеристики на фотонапонската централа

Планскиот опфат на „ФЕЦ ДИМОНЦЕ 5“ е лоциран во близина на градот Кратово, кај селото Димонце.

Дефинираниот простор за изградба на фотонапонската централа е одприлика 0.6 ха. Катастарските парцели на кои е предвидена изградбата на ФЕЦ се сопственост на Инвеститорот ФЕЦ ДИМОНЦЕ ДООЕЛ. КП кои се опфатени се: 752 и 753.

Парцелите на кои се предвидува изградбата на ФЕЦ во најголемиот дел претставува необработливо земјиште или нискостеблеста шума.



Слика 1-1

Собраќајно, планскиот опфат ќе се поврзе преку постоечки земјан пат, а планиран е и пристапен пат.

Performance of grid-connected PV

PVGIS-5 estimates of solar electricity generation:


Provided inputs:

Latitude/Longitude:	42.093,22.127
Horizon:	Calculated
Database used:	PVGIS-SARAH2
PV technology:	Crystalline silicon
PV installed:	429 kWp
System loss:	7 %

Simulation outputs

Slope angle:	26 °
Azimuth angle:	0 °
Yearly PV energy production:	614790.21 kWh
Yearly in-plane irradiation:	1717.09 kWh/m²
Year-to-year variability:	19725.81 kWh
Changes in output due to:	
Angle of incidence:	-2.76 %
Spectral effects:	0.8 %
Temperature and low irradiance:	-8.44 %
Total loss:	-16.54 %

Outline of horizon at chosen location:



Monthly energy output from fix-angle PV system:



Monthly in-plane irradiation for fixed-angle:



Monthly PV energy and solar irradiation

Month	E_m	H(i)_m	SD_m
January	26047.967.2		5972.3
February	35168.091.0		7678.3
March	50643.4135.1		6774.0
April	59565.1164.2		6449.2
May	65279.8184.1		3916.6
June	69166.1199.6		4826.4
July	74543.5219.1		3276.8
August	71248.1210.1		4072.3
September	57783.0164.3		5274.1
October	48169.9131.9		7034.4
November	32702.586.5		5193.1
December	24472.964.0		5365.4

E_m: Average monthly electricity production from the defined system [kWh].

H(i)_m: Average monthly sum of global irradiation per square meter received by the modules of the given system [kWh/m²].

SD_m: Standard deviation of the monthly electricity production due to year-to-year variation [kWh].

The European Commission maintains this website to enhance public access to information about its initiatives and European Union policies in general. Our goal is to keep this information timely and accurate. If errors are brought to our attention, we will try to correct them. However, the Commission accepts no responsibility or liability whatsoever with regard to the information on this site.

It is our goal to minimise disruption caused by technical errors. However, some data or information on this site may have been created or structured in files or formats that are not error-free and we cannot guarantee that our service will not be interrupted or otherwise affected by such problems. The Commission accepts no responsibility with regard to such problems incurred as a result of using this site or any linked external sites.

For more information, please visit https://ec.europa.eu/info/legal-notice_en

Joint Research Centre

PVGIS ©European Union, 2001-2024.

Reproduction is authorised, provided the source is acknowledged, save where otherwise stated.


Report generated on 2024/02/09

Од постоечкиот патен правец се планира одвојување на земјан пат со тампон до влезот на фотоволтаичната електрана.

Земјаниот пристапен пат се планира да биде со широчина од 3,5 метри како би можеле да се движат непречено возила со кој ќе се транспортира опремата до самата локација на фотоволтаичната електрана.

1.3 Параметри за локација (сончево зрачење)

Согласно податоците на PHOTOVOLTAIC GEOGRAPHICAL INFORMATION SYSTEM (PVGIS) локацијата на ФЕЦ ДИМОНЦЕ 5 има специфично глобално зрачење 1791.12 kWh/m2.



СЛИКА 1-2 МАПА НА СОНЧЕВО ЗРАЧЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

Месец	kWh
Јануари	26.048
Февруари	35.168

Март	50.643
Април	59.565
Мај	65.280
Јуни	69.166
Јули	74.543
Август	71.248
Септември	57.783
Октомври	48.170
Ноември	32.703
Декември	24.473
ВКУПНО	614.790

Табела 1-1: Годишно и месечно производство


Податоци за производство на електрична енергија изразена во kWh за дадената локација се прикажани во табелата и графикот во продолжение, додека часовните вредности на глобалното здрачење графички се прикажани на сликата, респективно.

2. ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА “ДИМОНЦЕ 5”

2.1 Диспозиција на опрема

Опремата за фотонапонската централа распространета е на површина од сса. 0.6 ха. На истата предвидена е следанта опрема:

- Фотонапонски панели поставени на метална конструкција
- DC собирни кутии
- Инвертерски станици (ИТС)
- Заземјување
- Осветлување
- Внатрешни земјени патишта
- Ограда со влезна капија




Слика 2-1 Блок шема за приклучување на мрежа

Ознака	Елемент
A	Фотонапонски панели
B	Собирни ормари
C	Инвертерска станица (TP+CH ќелија)
D	Приклучок на мрежа


Табела 2-1: Елементи на ФЕЦ за приклучување на мрежа

2.2 Фотонапонски панели


Местото кое е предвидено за монтажа на опремата е доволно за да се постават фотонапонски панели во просторот така да влијанието на дополнителни сенки од околните предмети и меѓусебното влијание на сенки се минимизира. За изградба на фотонапонската електрана, е предвидено да се вградат 780 монокристални бифацијални фотонапонски модули со номинална моќност од 550W и иницијална ефикасност од 98%. Предвидени се модули од типот Vertex TSM-DEG19c.20, од производителот Trina Solar или слични. Номиналната моќност на модулите е 550 Wp со 98% иницијална ефикасност, димензиите се 2,384 mm x 1,096 mm x 35 mm, додека тежината на модулот е 32.6 kg. Фотонапонската електрана содржи 780 модули, поделени во стрингови, како што е прикажано на цртежите, каблите за спојување на модулите се од типот PV1-F 1x4mm2.



Слика 2-2 Изглед на фотонапонски панел




Слика 2-3 Vertex TSM-DEG19c.20 панел



Слика 2-4 Електрични податоци за фотоволтаичен панел

2.2.1 Конструкција за Фотоволтаичните Панели

Фотонапонските панели се поставуваат на фиксна челична конструкција поставена под оптимален агол на која може да се монтираат 30 ФН панели во еден стринг.



Слика 2-5 Конструкција за ФН панели

2.3 DC собирни кутии

Собирната кутија е DC разводна кутија која поврзува одереден број на ФЕЦ панели. Собирните кутии се наменети за инсталација на отворен простор. Кутиите се целосно заштитени (осигурачи, уреди за заштита од пренапон) и главен DC прекинувач.

Во нив исто така е сместена електроника за набљудување на функциите како што се: мерење на DC струја и напон на секој струен круг, овозможувајќи учинокот на производство да биде проценет на најблиско ниво на ФВ модули, како и за откривање на грешки и генерирање на аларми.



Слика 2-6 DC собирна кутија

Кутиите ќе бидат од истиот производител како и соларниот инвертер и ќе бидат со следниве карактеритики:

- Номинален напон: 1500 V DC
- Номинална струја: 400 A DC @ 50°C
- Број на DC влезови: 20 x 17,5 A DC осигурачи (тип gPV)
- DC прекинувач: 400 A DC
- Одводник на пренапон: Тип 2 (20/40 kA, пренапон категорија II)
- Ниво на заштита: IP54
- IK Заштита: IK10



Слика 2-7 Принцип на работа на DC собирна кутија

Производител, Модел	PVS-16MH	PVS-20MH	PVS-24MH
Параметри			
Максимален напон на стринг (V)	1500	1500	1500
Максимален број на паралелни влезови	16	20	24
Номинална струја на осигурувачите за секој стринг (A)	20/25/30/32/35	20/25/30/32/35	20/25
Номинална струја на прекинувач (A)	400	400	400
SPD	1500 Vdc Тип 2	1500 Vdc Тип 2	1500 Vdc Тип 2
Тип на влез	PG Gland / MC4 terminal	PG Gland / MC4 terminal	PG Gland / MC4 terminal
Тип на излез	120 – 400 mm²	120 – 400 mm²	120 – 400 mm²
Тип на заштита	IP65 / IP67	IP65 / IP67	IP65 / IP67
Температура на околиуна	-40 до 60 ℃	-40 до 60 ℃	-40 до 60 ℃
Влажност на околина	0 – 95%	0 – 95%	0 – 95%
Димензии	950*730*275 mm	950*730*275 mm	950*730*275 mm
Тежина (kg)	40	42	44
Рачка за прекинување	Внатрешна рачка	Внатрешна рачка	Внатрешна рачка
Материјал	SMC	SMC	SMC
Стандардна дополнителна опрема			
Позитивен осигурувач	ДА	ДА	ДА
Прекинувач на DC излезот	ДА	ДА	ДА
PV специфична аплиакција SPD	ДА	ДА	ДА
Дополнителна опрема по избор			
Негативен осигурувач	По избор	По избор	По избор
Следење на струјата на жицата и напонот на стрингот	По избор	По избор	По избор
RS485 комуникација	По избор	По избор	По избор
Следење на дефект на PV SPD	По избор	По избор	По избор
Следење за состојбата на прекинувачот	По избор	По избор	По избор
Области за пристап на операторот IP2X	По избор	По избор	По избор

Табела 2-2: Карактеристики на DC разводни кутии

2.4 Инвертерска станица (ИТС)

Инвертерската станица се користи за поголеми фотонапонски централи. Изработена е во контејнерска изведба, во кој се сместени:

- Исправувачи
- Енергетски трансформатор 0,8/20 kV
- Среднонапонски (20 kV) ќелии
- Единица за контрола и мониторинг.

Инвертерската станица служи за конвертирање на произведениот DC напон од страна на ФН панели во АС напон, се подигнува на среден напон на кој потоа се пренесува во СН постројка сместена во командната куќарка.



Слика 2-8 Надворешен изглед на инвертерска станица

Димензиите на инвертерската станица се дадени во табела 2-3

Должина	*Висина*	*Широчина*
6058 мм	***2896 мм***	***2438 мм***


Табела 2-3: Карактеристики на DC разводни кутии

Ознака	Намена	Опис
A	Инвертер	Ја конвертира произведента еднонасочната DC струја од ФН панели во наизменична
B	Трансформатор	Трансформација на напон од 0,6 kV на 20 kV
C	Контрола и управување	
D	СН постројка	СН посторјка служи за поврзување со СН постројка сместена во командната куќарка. Во СН постројката е сместен главниот заштитен уред.

Табела 2-4: Карактеристики на централен инвертер

2.4.1 Основни системски параметри:

Основната блок шема за приклучување на ИТС со енергетската мрежа е прикажана на слика 2-10.



Слика 2-9 Електрична блок шема на поврзување на ИТС

Ознака	Уред
1	Инвертер
2	Трансформатор 0,6/20(35) kV
3	СН ќелија/постројка
4	Ормар за контрола и управување

Табела 2-5: Распоред на кабелски влезови на ИТС

Основните параметри на ИТС се дадени во следната табела:


Type designation	SG3125HV-MV-30
Input (DC)	
Max. PV input voltage	1500 V
Min. PV input voltage / Startup input voltage	875 V / 915 V
MPP voltage range	875 – 1300 V
No. of independent MPP inputs	2
No. of DC inputs	16 / 18 / 22 / 24 / 28 (max. 24 for floating system)
Max. PV input current	3997 A
Max. DC short-circuit current	10000 A
PV array configuration	Negative grounding or floating
Output (AC)	
AC output power	3125 kVA @ 50 °C / 3437 kVA @ 45 °C
Max. inverter output current	3308 A
AC voltage range	20 kV – 35 kV
Nominal grid frequency / Grid frequency range	50 Hz / 45 – 55 Hz, 60 Hz / 55 – 65 Hz
Harmonic (THD)	< 3 % (at nominal power)
DC current injection	< 0.5 % In
Power factor at nominal power / Adjustable power factor	> 0.99 / 0.8 leading – 0.8 lagging
Feed-in phases / AC connection	3 / 3-PE
Efficiency	
Inverter max. efficiency	99.0%
Inverter Euro. efficiency	98.7%
Transformer	
Transformer rated power	3125 kVA
Transformer max. power	3437 kVA
LV / MV volatage	0.6 kV / (20 – 35) kV
Trnsformer vector	Dy11
Transformer cooling type	ONAN (Oil-natural, air-natural)
Oil type	Mineral oil (PCB free) or degradable oil on request
Protection & Function	
DC input protection	Load break switch + fuse
Inverter output protection	Circuit breaker
AC MV output protection	Circuit breaker
Surge protection	DC Type I + II / AC Type II
Grid monitoring / Ground fault monitoring	Yes / Yes
Insulation monitoring	Yes
Overheat protection	Yes
Q at night function	Optional
General Data	
Dimensions (W*H*D)	6058 * 2896 * 2438 mm
Weight	15 T
Degree of protection	Inverter: IP65 / Others: IP54
Auxiliary power supply	5 kVA (optional: max. 40 kVA)
Operating ambient temperature range	-35 to 60 °C (> 50 °C derating)
Allowable relative humidity range	0 – 100 %
Cooling method	Temperature controlled forced air cooling
Max. operating altitude	1000 m (standard) / > 1000 m (optional)
Display	Touch screen
Communication	Standard: RS485, Ethernet; Optional: optical fiber
Compliance	CE, IEC 62109, IEC 61727, IEC 62116, IEC 62271-202, IEC 62271-200, IEC 60076
Grid support	Q at night (Optional), L/HVRT, active & reactive power control and power ramp rate control

Табела 2-6: Основни параметри на централен инвертер


2.4.2 Исправувач (DC/AC)

Исправувачот е уред кој што служи за трансформирање на напонот од еднонасочен во наизменичен. Солгасно диспозицијата и добиените податоци од страна на Фортис во проекетот се користени исправувачи во кои се поврзуваат по 6 ДЦ собирни кутии како што е прикажано на блок шемата во графичките прилози.

Ормарот за DC развод сместен во ИТС е прикажан на Слика 2-10 и Слика 2-11.



Слика 2-10 Ормар за DC развод – Распоред на опрема



Слика 2-11 Ормар за контрола и управување

2.4.3 Step-up трансформатор, 0.8/20 kV, 3125 kVa

За подигање на напонот од номиналниот напон на исправувачот од 0,8 kV на 20 kV се користи Step-up трансформатор. Трансформаторот кој што е предвиден во ИТС е со следните параметри:

- Трофазен маслен трансформатор
- Инсталирана моќност: 3125 kVa
- Преносен однос 0,8/20 kV
- Група Dy11y11
- Ладење ONAN (природно)

2.4.4 Среднонапонски ќелии во ИТС

Среднонапонските ќелии се со следните параметри:

- Метално оклопени, SF6 гасно изолирани
- Две ќелии (трафо и изводна) ♣ Максимален напон: 24 kV
- Струја на куса врска : 25 kA/1s
- Ударна струја на куса врска: 70 кА
- Номинален поднослив атмосферски удаден напон: 170 kV
- Номинална струја за собирници: 630 A
- Димензии: 1020*800*2209

2.4.5 Кабелски врски

Кабелските врски помеѓу фотонапонските панели и DC собирниот ормар се изведени со halogen free, соларен кабел за еднонасочен напон 1500 VDC. Врската од DC собирните ормари до Инвертерите сместени во ITS станиците ќе биде изведена со бакарен(Cu) кабел. Пресекот на кабелот и пресметките ќе биде дадени во Основниот проект.

2.5 Заземјување и громобранска заштита

2.5.1 Концепт на системот за заземјување и громобранска заштита

Заземјувачкиот систем, го сочинуваат сите меѓусебно галвански поврзани елементи а тоа се заземјувачот на централата и другите метални делови коишто имаат директен контакт со тлото.

Оттука, за предметната ФЕЦ, се предвидува изведување на TN-C-S систем, кој го сочинуваат:

- Заштитно заземјување;
- Работно заземјување; и
- Заштита од громобрански празнења.

Со оглед на применетиот систем на заштита, отпорот на работното заземјување не смее да надминува 2 Ω и максималниот напон на допир не смее да надмине 65 V.

2.5.2 Заштитно заземјување

Заштитното заземјување се предвидува да биде изведено преку формирање на мрежа (мрежест заземјувач).

На заштитното заземјување се поврзуваат сите метални конструкции од ФЕЦ, односно: панели, тракер системите, собирните кутии од панелите, ИТС столбовите од осветлувањето, оградата и сите останати метални делови со цел да обезбеди ефикасна заштита од напон на допир со помош на кабел со

жолто-зелена боја со пресек од 16 mm2 кој ќе биде поврзан на PE шината. Неутралниот провидник мора да е со свелто сина боја.


Заштитното заземјување на фотонапонската централа ќе се изведе со челично поцинкувана жица Ф 8mm , во соодветен ров на длабочина од 0,7 мм, додека жицата се поставува на висина од 0,6м.

Дополнително, на секој од испактнатите краеви од мрежата на заштитното заземјување се поставуваат стапести заземјувачи со дебелина Ø20mm и должина од 1.5m, вкопан на длабочина од 30 cm.


Поврзувањето на бакарната жица помеѓу себе, но и спојувањето на металните делови со заштитното заземјување се извршува со железно-поцинкувана вкрстена и Т-стегалка.

2.5.2.1 Заштитно заземјување на ИТС станица

Внатрешно во рамките на ИТС изведено е целокупното потребно заземјување. Доколку е потребно дополнилтено заземјување на лице место истото е потребно да се изведе со проводник со пресек од 16 мм2 .




Слика 2-12 Шина за изедначување на потенцијал




Слика 2-13 Места за заземјување на ИТС

За надворешно заземјување на ИТС станицата се предвидува формирање на обрач од галванизиран п (челично-поцинкуван) роводник 30x3.5 mm² , каде што на секој од краевите и на средината од обрачот се поставуваат стапести заземјувачи со дебелина од Ф20mm и должина од L=1,5m.



Слика 2-14 детал (плочка) за заземјување на ИТС

Исто така потребно е да се заземјат и конструкциите за панелите на сите места каде што има прекин на конструкцијата.



Слика 2-15 детал за заземјување на металната конструкција на панели

2.5.3 Работно заземјување

Заземјувањето на ФЕЦ ќе се поврзе на работното заземјување на трафостаницата ТС 20/110 kV ФЕЦ Кратово. На заштитното заземјување се поврзува високонапонската опрема и громобранската заштита.

2.5.4 Технички услови за изведба

Електричните инсталации треба да се изведат според соодветните МКС и IEC стандарди:

- 0º C do 60º C употреба
- -40º C do 70º C опционо
- -10º C do 85º C складирање
- Влажност 10-90% релативна без кондензација
- Заштита према ANSI C37.90 за сите I/O
- IEC 60068-2-1, 2, 3, ниска, висока, отпорност на влага
- IEC 60068-2-6, тест на вибрации (синусоидални)

- IEC 60068-4-2, тест на отпорност на електростатско празнење
- IEC 60068-4-3, Зрачење, радио-фреквенции, тест на отпорност на електро магнетни полинја
- IEC 60068-4-4, тест на отпорност према електрични преодни удари
- IEC 60068-4-5, тест на отпорност на удар
- IEC 60068-4-11, тест на отпорност на краткотрен прекин на напојувањето и вариација на напонот
- IEC 60068-4-12, тест на отпорност на осцилирачки бранови
- МКС Н.Б2.741 (IEC 60364-4-41), електрични инсталации во згради – заштита од електричен удар
- МКС Н.Б2.742 (IEC 60364-4-42), електрични инсталации во згради – заштита од термичко влијание
- МКС Н.Б2.743 (IEC 60364-4-43), електрични инсталации во згради – заштита од прекумерни струи
- IEC 60364-4-47 – мерки за заштита од електричен удар
- МКС Н.Б2.751 (IEC 60364-5-51), електрични инсталации во згради – избор и поставување на електричната опрема (општи правила)
- МКС Н.Б2.752 (IEC 60364-5-52), електрични инсталации во згради –
- електричен развод (трајно дозволени струи)
- МКС Н.Б2.754 (IEC 60364-5-54), електрични инсталации во згради -
- заземјување и заштитни спроводници
- IEC 60364-7-712, електрични инсталации во згради – барања за специјални инсталации или локации (соларни фотонапонски PV системи за напојување)
- EN 60364-7-712, електрична инсталација на фотонапонски систем
- EN 61173, заштита од пренапони настанати во фотонапонскиот систем

Пред почеток на работите неопходно е да бидат разработени сите детали и промени. Основа за спроведување на работите треба да биде ревидираниот и одобрен основен проект. Според законската регулатива, со оглед на нивото на разработка, овој основен проект може да се користи и како изведбен проект. Работите се изведуваат во тесна координација со надзорниот орган.

Пред отпочнување со работите неопходно е да се изврши комплетна подготовка со обезбедување на потребниот материјал, опрема, алат, машини, работна рака со соодветна квалификација и назначено одговорно лице од страна на изведувачот.

Пред отпочнување со работите потребно е да се обезбеди безнапонска состојба и сигурност дека нема да дојде до изложување на работниците на опасни напони и пренапони. Неопходно е претходно снимање на постоечката состојба.

2.5.5 Експлоатација на фотонапонската електрана и услови за нејзино одржување

При експлоатацијата на електраната треба да се води сметка за одржувањето на нејзините елементи. Електричната инсталација треба редовно да се прегледува, најмалку еднаш годишно, а во случај на сомневање во трајноста и исправноста на инсталацијата (оштетување на изолацијата, слаб контакт во разводните ормари, искрења на контактите итн.) потребно е инстатно отклонување, бидејќи може да има штетно и опасно влијание врз трајноста на елементите а со тоа и на целиот објект како целина. Исто така дефект на електричната инсталација може да доведе до хаварија и значително намалување на експлоатациониот век на електраната.

2.5.6 Влијание на електраната врз животната средина

При своето функционирање овој објект не создава цврст отпад, па заради тоа и нема потреба од негово отстранување од самата локација.

Системот, согласно својата намена, нема никакво негативно влијание врз населението, поради тоа што загадувањето на животната средина кај ваквите објекти е сведена на минимум.

3. ВОДЕЊЕ НА КАБЛИ

Изведбата на НН кабловска мрежа во конзумното подрачје на ТС 20/0,8 kV ФЕЦ ДИМОНЦЕ 5 се врши со цел приклучување на новоизградените инвертори за превземање на произведена електрична енергија од фотоволтаични панели како и за сопствено напојување на објектот со можност за идни нови потрошувачи. Со изградбата на новопредвидената кабловска

мрежа ќе се овозможи приклучување на новоизградените објекти (кои не можат да бидат приклучени на постоечката мрежа поради не постоење на друга приклучна ТС) и нивно квалитетно и доверливо поврзување со електричната мрежа на ЕВН Македонија за пласман на произведената електрична енергија.

Основниот проект ќе треба да се изработи според важечките закони и МКС прописи и стандарди, како и според препораките на ЕВН Македонија АД Скопје.

Технички податоци

Објект: ---------- ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА 429,00Kw – ФЕЦ ДИМОНЦЕ 5
Напојна трафостаница: ----------се приклучува на соседна парцела
Приклучок:---------- Нов НН кабловски извод од ТС 20/0,8 kV 1x3125 kVA
Работен напон: ---------- 0,8 kV
Тип на кабел: ---------- (во прилог)
Должина на траса: ---------- (во прилог)

3.1 Опис на трасата

Кабелската траса на новопредвидените изводи започнува од новите ТС 20/0,8 kV до главниот разводен ормар (GRT) со кабел NAYY 5 x (4 x 1 x 240) mm^2, од ГРТ се планира кабелски траси со кабли од типот NAYY 4x(1x185mm^2) до секој од DC собирните кутии поставени покрај секој инвертер. Од овие собирни кутии ќе се поврзат инверторите со кабел од типот NAYY - 4 x 1 x 70 mm2.

Кабловските траси се дел од внатрешната инсталација

Карактеристики на кабловските водови

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање поради можноста за постоење на неочекувани подземни инсталации. Ширината на дното на ровот треба да изнесува 0,4 m а неговата длабочина 0,8 m. Во ровот треба да се положи еден или повеќе нисконапонски кабли според цртежите дадени во прилог. Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба.

Нисконапонските кабли се механички заштитени со поставување на пластични ГАЛ штитници по целата должина на кабелот според сликата дадена во прилог.

По целата должина на ровот се предвидува полагање на челично-поцинкувана лента FeZn 25x4 mm која ќе биде поврзана со заземјувачкиот систем на ормарите и заштитното заземјување на ТС.

При ископот на ровот доколку дојде до обрушување на земјата потребно е да се изврши негово потпирање од страните.

Обележување на каблите

Над положениот кабел треба да се положи пластифицирана опоменска (упозорителна) трака по целата должина на ровот.

Доколку инвеститорот смета дека е потребно може да употреби и дополнителни обележувања на трасата.

Начин на полагање на енергетските кабли

Директно полагање на енергетски кабли во земја


Се препорачува директно полагање на кабелот во кабелски ров чии димензии зависат од работниот напон, видот на земјиштето и бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров. Нормална длабочина на ров во кој се полага 1 kV, 10 kV и 20 kV кабли длабочината на ровот изнесува 0,8 m. Отстапувања од овие длабочини се дозволени само на мали должини при вкрстување со други кабли и инсталации. Во ваквите случаеви е потребо да се примени дополнителна механичка заштита со заштитни цевки, бетонски штитници и сл.

Кабелот се полага во средината на слој од песок и шљунак со дебелина од 0,2 m. За набивање на овој слој треба да се користат исклучиво рачни набивачи.

Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со откопот во слоеви од по 0,3 m со механичко набивање. При затрупување на ровот над кабелот по должината на целата траса треба да се положи пластифицирана опоменска лента со црвена боја и втиснат натпис “ВНИМАНИЕ ЕЛЕКТРИЧЕН КАБЕЛ” според сликата во прилог. Доколку во ист ров се полагаат повеќе кабли бројот и начинот на полагање на опоменските ленти треба да биде така избран да сите кабли бидат покриени со опоменски ленти, според сликата во прилог.


За премин под пат наместо кабелска канализација може да се користи директно полагање на кабли во земја според сликата во прилог.

После полагањето, изработката на спојници и завршници, кабелската траса треба да се доведе во првобитна состојба.




1 упозорителна трака; 2 набиена земја во слоеви; 3 кабел; 4 песок

Слика 2-16. Полагање на НН кабел на рагулирани и нерегулирани површини



1 СН кабел; 2 НН кабел; 3 песок; 4 набиена земја во слоеви;
5 упозорителна трака; 6 опека;

Слика 2-17. Полагање на повеќе кабли во ист ров



1 кабел; 2 песочна постелица; 4 армиранобетонска плоча;
3 слој на земја; 5 упозорителна трака; 6 бетон МБ 15; 7 тампон на патот

Слика 2-18. Полагање на кабел под пат

Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации

- *Приближубање и вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабли*

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникациски кабли на меѓусебно растојание од најмалку 0,5m за кабли со номинален напон од 1 kV, 10kV и 20kV, односно 1m за кабли со номинален напон од 35kV.

Вкрстување на енергетски со телекомуникациски кабел е дозволена на растојание од најмалку 0,5m при што аголот на вкрстување треба да биде 90º во населени места и не помал од 45º вон населени места. По правило енергетскиот кабел се полага под телекомуникацискиот.

Доколку не е возможно да се постигнат погоре дефинираните минимални растојанија енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка, но сепак нивното меѓусебно растојание не смее да биде помало од 0,3 m.

Минималните растојанија и агли на вкрстување дефинирани погоре не важат за оптички кабли.

Телекомуникациските кабли кои служат исклучиво за потребите на дистрибутерот на електрична енергија можат да се полагаат во ист ров со енергетските кабли на меѓусебно растојание од 0,2m.

- *Приближување и вкрстување на енергетски каблисо цевки на водовод и канализација*

Не е дозволено водење на енергетски кабел паралелно, под или над водоводна или канализациона цевка. Минималното хоризонталното растојание помеѓу енергетскиот кабел од водоводна или канализациона мрежа треба да изнесува 0,5m.

При вкрстување на енергетски кабел со водоводна или канализациона мрежа дозволено е негово полагање под или над цевката на меѓусебно растојание од најмалку 0,4 m.

Доколку не можат да се постигнат минималните растојанија дефинирани погоре тогаш енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка.

При вкрстување и паралелно водење на енергетски кабел за јавно осветлување и топловод треба да се оствари минимално растојание од 0,3 m.

Изборот на енергетските проводници (кабли) е извршен според:

- Номинални струи
- Струја на куса врска
- Термичко напрегање на проводниците
- Пад на напон


Кабловските траси се дадени во графичкиот дел и се дадени во прилог.

3.1 Карактеристики на кабловските водови

Проводникот (соларниот кабел) кој се користи за меѓусебно поврзување на модулите во стрингови кои понатаму се поврзуваат со инверторите преку DC ормарот има специјална примена во фотоволтаичните системи со голема отпорност на УВ зрачење и голема изолациона отпорност. Тип на кабел: PV1-F 0.6 /1KV 1 x 4/6мм2


ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА 429.00kW – ФЕЦ ДИМОНЦЕ 5




Слика 3-1 ФЕЦ ДИМОНЦЕ 5

3.2 Распоред на панелите по стрингови од 30 панели



3.3 Распоред на стринговите по DC собирни кутии



3.4 Распоред на стринговите по трафостаници

